
50
80
МАКЕДОНИЈА И ПРИЛЕП
– ГРАДОТ ХЕРОЈ
ВО БОРБАТА ПРОТИВ ФАШИЗМОТ

НУ Завод и Музеј - Прилеп

70

Издавач:
НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп
www.muzejprilep.org.mk

За издавачот: Мимоза Христоска

Автор на каталогот: Рубинчо Белчески

Дизајн и компјутерска подготовка: Биљана Темелкоска

Печати: „Андриано“, Прилеп
Тираж: 120
Прилеп, 2025

Проектот е финансиран од
Министерство за култура и туризам на РС Македонија



НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – ПРИЛЕП

Рубинчо Белчески

МАКЕДОНИЈА И ПРИЛЕП – ГРАДОТ ХЕРОЈ ВО БОРБАТА ПРОТИВ ФАШИЗМОТ

80 ГОДИНИ ОД ПОБЕДА НАД ФАШИЗМОТ

70 ГОДИНИ
НАРОДЕН МУЗЕЈ – НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ – ПРИЛЕП

50 ГОДИНИ – ПРИЛЕП ГРАД ХЕРОЈ

Прилеп, 2025

Светот, на 9 мај одбележува 80 години од победата над фашизмот, 80 години од триумфот на слободољубивото човештво над мракобесниот фашизам. Овој јубилеј е добар повод за потсетување на минатото, платено со огромни човечки жртви и материјални загуби, непознати во историјата на дотогашните војни.

На 7 мај 1975 година Јосип Броз Тито по повод 30 години од победата над фашизмот го одликува Прилеп со највисокото признание и му додели Орден „Народен херој“. Оваа година одбележуваме 50 години од тој значаен настан за нашиот град, како и големиот влог што Прилеп го даде во победата над фашизмот.

На 1 јули 1955 година е основан Народниот музеј – Прилеп, денес Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп. Оваа година се одбележуваат 70 години од постоењето. Години, во кои голем број на вработени се вградија во развојот и респектабилноста на истата и допринесоа за заштита и презентација на културното наследство. На таков начин таа да се вброи во установа со високо реноме во земјата и странство, за што на сите нив, искажуваме голема благодарност.

Денес, по повод на овие значајни јубилеи ќе проговориме и ќе се потсетиме зошто ги одбележуваме истите.

Во Република Македонија, како и во светот, денот на победата над фашизмот го одбележуваме како почит кон оние чии животи се положени на олтарот на победата и како опомена на сегашните и идните генерации, никогаш да не се повтори најмрачната страница од историјата на човештвото.

Затоа велиме: Било, да не се повтори!

Во големата победа над фашизмот, во антифашистичката коалиција се вгради и македонскиот

народ, за кого антифашистичката борба беше и борба за национална слобода и за создавање на своја држава. За прв пат во својата историја, во рамките на федеративна Југославија, македонскиот народ, заедно со другите народи во Македонија ги оствари долговековните стремежи за слобода на многуте македонски борбени генерации низ вековите, изразени преку многубројните буни и востанија, вклучувајќи го првиот Илинден од 1903, преку вториот Илинден од 1944, кој беше основа за на 8 септември 1991 година преку референдум и т.н. трет Илинден, се оствари вековниот сон на македонскиот народ за самостојна, независна и суверена Република Македонија.



Мурал „Мечкин Камен“, Борко Лазески



Манифест на АСНОМ



Претседателот Киро Глигоров,
Референдум, 8 септември 1991 година

Патот до тоа не беше ни најмалку лесен.


Пред да продолжам понатаму, за случувањата во Прилеп и Македонија и за нивниот придонесот во победата над фашизмот, ќе кажам неколку збора за фашизмот како појава, односно со какво зло се соочи слободоумниот свет во тој период.

Фашизмот претставува радикална политичка идеологија и државно уредување во комбинација со елементи на авторитаризам, национализам, милитаризам, антианархизам, антикомунизам и антилиберализам.

Оригиналното фашистичко движење се појавило во Италија во 1919 година и тоа со земјата владеело од 1922 до 1943 година, под водството на Бенито Мусолини.



Бенито Мусолини



Адолф Хитлер „Mein kampf“

Во Германија се појавува како националсоцијализам во 20-тите години на 20 век, а во периодот од 1933 до 1945 година со Германија владее Национал-социјалистичка работничка партија на чело со Адолф Хилер, кој во својата книга „Mein kampf”, од 1925 година, светот го претставил како расна борба за превласт каде европската ариевска раса е супериорна над другите. Подоцна, книгата станала прирачник на германските нацисти за расно чистење и систематско убивање на неариевските групи на народи. Со време генеричкиот термин **фашизам** почнал да означува систем на класни авторитарни политички идеологии, како и партии и политички системи. Најпознатите вакви партии, создадени по Првата светска војна се: во Германија – Националсоцијалистичката германска работничка партија (Нацисти) под водството на Адолф Хитлер, во Унгарија – Партија на Стрелестиот Крст, во Романија – Железна Гарда, во Шпанија - Фалангисти и други. Карактеристично за сите нив е силното потпирање на државната моќ,

економијата базирана на големите корпорации, авторитарното укинување на граѓанските права и слободи, воведувањето на полициска држава, ксенофобијата, истакнувањето на националистичкиот дух и општо, реакционерната внатрешна и експанзионистичката надворешна политика. Предходното кажано по однос на фашизмот, практицирањето во некои земји, довело до започнување на најголемиот глобален вооружен конфликт, односно, Втората Светска војна која започнала на 1 септември 1939 година со инвазија на Германија врз Полска.

Во оваа војна се вклучува и македонскиот народ на страната на антихитлеровската коалиција. Таа борба му овозможила на македонскиот народ да создаде своја држава во рамките на Демократска федеративна Југославија, како федерална единица, благодарение на уставно – правните одлуки на АСНОМ од 2 август 1944 година. Многубројните поранешни обиди за здобивање на македонскиот народ со самостојност и сопствена држава, претрпуваа неуспех поради различните интереси на големите сили и интересите на соседните балкански држави. Но, овој пат не беше така, македонскиот народ за прв пат, по повеќе векови, се стекна со своја сопствена држава, се реализираа вековните стремежи за национална и социјална слобода.

Како се дојде до таа слобода?

Потпишувањето и пристапувањето на Кралска Југославија кон Тројниот пакт се случува на 25 март 1941 година во Виена. Тоа беше повод низ цела Југославија да избувнат масовни демонстрации, вклучително и во Македонија.



Потпишување за пристапување на Југославија кон Тројниот пакт

Тоа на некој начин беше повод, фашистичка Германија, заедно со своите сателити, на 6 април 1941 година со 800 000 германски, италијански и бугарски војници да ја нападнат Југославија и за 11 дена да ја приморааат на безусловна капитулација.



Плакат за демонстрациите низ Југославија

Што се случува во Македонија и Прилеп тие денови? На 7 април 1941 година во Скопје навлегува германска војска и за неколку дена е заземена цела Македонија. Прилеп, не би бил град херој, ако не е прв во своите активности во борбата против фашизмот. Уште не дојдени германците во Прилеп, Месниот комитет на КПЈ на чело со секретарот Вера Ацева, одржува состанок на 7 април во куќата на Марко Ристески – Стариот (таткото на борецот Ордан Михајлоски – Оцка). На состанокот покрај секретарот Вера Ацева, присуствуваат и: Борка Талески, Трајко Тарцан, Стеван Роскопо, Благоја Ристиќ – Бале, Јоска Јорданоски – Сандански и Марко Ристески – Стариот, а се расправало за новонастанатата состојба во Македонија и Прилеп. Биле формирани повеќе комисии, меѓу кои и комисија за собирање на оружје и воена опрема, а донесен е заклучок за ослободување на затворениците од прилепскиот затвор.



Вера Ацева (1919-2006)




Борка Талески (1921-1942)



Куќата на Марко Ристески - Стариот

Наредниот ден, на 8 април, Прилеп е заземен од страна на 73. Германска пешадиска дивизија од 40. Корпус на 12. Армија, под раководство на капетан Тролер. Наредниот ден, во куќата на Борко Петрески – Симонот е одржано партиско советување за што подобра организација на Партијата за деновите и годините кои следуваат.

Набргу, по капитулацијата на Југославија, на состанокот во Виена, помеѓу министрите за надворешни работи на Италија и Германија, грофот Галеацо Ѓано и Јоаким фон Рибентроп, е постигната спогодба за поделба на Југославија. Територијата на Македонија ја доживува истата судбина, како по Балканските војни и Букурешкиот мировен договор од 1913 година, така и на Парискатa мировна конференција по Првата светска војна, кога беше поделена меѓу: Грција, Србија и Бугарија.



Италијанска и бугарска окупациона зона во Македонија

Фашистичка Бугарија, како награда го добива поголемиот дел од Вардарска Македонија, како и западна Тракија од Егејскиот дел на Македонија.

Западна Македонија со градовите: Тетово, Гостивар, Кичево, Дебар и Струга, потоа, јужните делови од охридско и Преспа и источните делови на Егејска Македонија, беа окупирани од Италија, а оваа територија е управувана и со помош на цивилната албанска квислиншка власт.

Централниот дел на Егејска Македонија е окупирана од Германија.

Со новата поделба на Македонија и фашистичката окупација беше доведена во прашање и самата егзистенција на македонската нација. На окупираните делови во Македонија се формираат фашистички организации.

Во бугарската окупациона зона се формираат и делуваат организациите: „Браник“, „Отец Паисиј“, „Сојузот на бугарските национални легиони“, „Ратник“, „Војници од фронтот“, „Ополченци“, „Сојузот на резервните офицери“, „Јунак“, „Труд и радост“ и други. Организирањето и функционирањето на бугарскиот окупационен систем во Македонија истовремено претставувало преземање на природните, историските, културните и сите други богатства на македонската територија, а се започнало и со асимилирање и денационализирање на македонскиот народ. За таков вид „ослободување“ Бугарската влада веќе имала подготвени сили кои за кратко време и без поголеми проблеми воспоставиле воена, судска и законодавна, а потоа и административна и политичка власт, како и црковна јурисдикција.



Бугарска војска во Прилеп

Во периодот од 19-26 април 1941 година, во Прилеп доаѓа бугарска војска и полиција, која воведува полициска и цивилна управа на градот. За претседател на општината е поставен Милан Небреклија, а за негов прв помошник Коце Ќурчија. Комунистите од Прилеп низ чаршијата ја пуштаат паролата: „Ни аир од Србите, ни бериќет од Бугарите“.

Наредните години, Бугарската влада со помош на Гестапо и СС-полицијата формирале 8 контрачети, кои иако нанеле штета, сепак немале голем успех во Македонија. На 5 септември 1944 година, неколку дена пред капитулацијата на Бугарија, Хитлер издава наредба за создавање на „Независна Македонија“ на чело со Ванчо Михајлов, потег кој бил задоцнет, а воедно не постоеле услови за реализација на истата.

Во италијанската окупациона зона, покрај воена, била воспоставена и цивилна власт. Во јули 1941 година со Декрет на кралскиот претставник на Италија во Албанија, Франческо Јакомини, окупираниот дел на Македонија од италијанските сили бил анектиран кон Албанија, со што била создадена „Голема Албанија“ според програмата на Призренската лига. И тука дејствувале разни фашистички организации како: „Фашистичката партија на Албанија“, која во суштина преставувала клон на „Италијанската фашистичка партија“, балистите биле организирани во Националниот фронт „Бали Комбетар“, други фашистички организации биле: „Легалитети“, „Зогу“, „Фаша“, „Балили“, „Авангардисте“, „Џовани фашисте“ и други.

Во Грција, во текот на војната, од страна на грчката колаборационистичка влада со цел помагање на окупаторската германска армија, и борба против ЕЛАС, под водство на КПГ, биле формирани „Тагмата Асфалијас“ односно т.н. „Баталјони за сигурност“, грчки паравоени

контрачети кои соработуваат со фашистичките окупатори во Втората светска војна.

Воспоставувањето на окупаторскиот систем во Македонија, ја мобилизира партиската организација во спроведување на антифашистичката платформа на КПЈ на чело со Јосип Броз-Тито, која истакнуваше дека секој народ во борбата против фашистичкиот окупатор го решава и своето право на самоопределување.



Јосип Броз - Тито (1892-1980)

Тоа најдобро се гледа од активностите на теренот. Се собира оружје и муниција, се издаваат директиви за запленување на судски архиви и техника, за ослободување на затвореници и друго. Овие активности и отпори го означуваа почетокот на подготовките за вооружено востание и започнување на борбата против фашизмот во Македонија. Македонскиот народ, повикот на КПЈ за приклучување кон прогресивните антифашистички сили го прифати. Со нападот на Прилепскиот партизански одред, на бугарскиот полициски участак и на други објекти во Прилеп, на 11 октомври 1941 година, се отвори нова страница во историјата на македонскиот народ и националностите. Македонскиот народ се крена на

вооружено востание против фашистичките окупатори и заедно со другите југословенски народи, покажа готовност со оружје во текот на Народноослободителната и антифашистичка војна да се здобие со национална слобода и независност.



Бугарска полициска станица



Душко Наумоски (1921-1961)

Затоа, 11 октомври 1941 година е логичен продолжеток на револуционерната борба на Македонија во изминатите децении и векови. По овој датум партизанските одреди (Скопскиот, Прилепскиот, Кумановскиот и останатите) своите акции ги издигнаа на повисок степен, кои беа предвесници на едно масовно вооружено востание со антифашистички и ослободителен карактер. Со започнувањето на востанието се засилил и теророт на окупаторите, кој се карактеризира со масовни апсења, судски процеси, интернирања и слично. Само во 1941 година, во Македонија биле уапсени 1537 лица. Од 134 комунисти кои беа изведени пред судовите низ Македонија, смртни казни им беа изречени на 38 лица, а 63 лица биле осудени на казна строг затвор во траење од 3 до 20 години. Голем број на лица биле депортирани. Окупаторските сили спроведувале невиден масакр врз населението. Во оваа пригода ќе ги споменеме масакрите во: Дабница на 19 септември 1942, Ваташа на 16 јуни 1943, депортацијата на евреите од Македонија во логорот Треблинка на 11 март 1943 и многу други.

Поради теророт на окупаторот од една страна и желбата за слобода од друга, борбата сé повеќе се развивала, а бројот на воените формации се зголемувал. Доаѓа до официјално формирање на КПМ во Тетово на 19 март 1943 година, а на 18 август 1943 година се формирала првата регуларна воена единица, баталјонот „Мирче Ацев“, по името на храбриот прилепчанец кој бил убиен на 4 јануари истата година. Формирањето на оваа единица денес го одбележуваме како ден на Македонската армија.



Формирањето на баталјонот „Мирче Ацев“



Мирче Ацев
(1915-1943)



Кузман Јосифоски-Питу
(1915-1944)

Преспанското советување од 1943 година, на кое забележителна улога имал Кузман Јосифоски – Питу, како и успешното изведување на неповторливиот Февруарски поход во 1944 година има големо политичко и воено значење за развитокот на НОВ во Македонија. Во овој период доаѓа до израз високата политичка свест на борците и на населението за постигнување на крајната цел – создавање на национална држава.

Со одлуките на Второто заседание на АВНОЈ од 29-30 ноември 1943 година на сите југословенски народи им се гарантирала рамноправност и право на самоопределување. Тоа е од особено значење за македонскиот народ кој за првпат во својата историја се здобил со рамноправност со останатите југословенски народи, како резултат на неговото учество во антифашистичката војна.

Одлуките и решенијата што ги донесло АСНОМ, на чело со претседателот на Президиумот, Методија Андонов – Ченто на своето Прво заседание според својот карактер, имаа уставотворно значење. Тие се донесени врз база на суверената волја на македонскиот народ и неговото право на самоопределување, а во согласност со одлуките на АВНОЈ. Одлуките на АСНОМ служат како основа за понатамошна изградба на македонската државност и организационо зацврстување на највисоките државни органи во федерална Македонија.



Методија Андонов - Ченто, Димитар Влахов и Генерал Михајло Апостолски, Скопје, ноември 1944 година

Единиците на НОВ и ПОМ, само на територијата на Вардарска Македонија, за време на војната врзуваа за себе над 60 000 фашистички окупаторски војници и полицајци.

Од оваа бројка, над 45 000 се наоѓаа на територијата на Македонија, окупирана од Бугарија, а над 15 000 на територијата на Македонија окупирана од Италија, не сметајќи ги притоа квислиншките албански формации.

Безусловна капитулација на Германија е потпишана во разурнатиот Берлин, на 9 мај 1945 година. Капитулацијата во име на Врховната германска команда и по овластување на Карл Дениц последниот канцелар на Германија од 30 април 1945 година, по самоубиството на Адолф Хитлер ја потпишаа: фелдмаршалот Вилхелм Кајтел, генералот Ханс Јирген Штумпф и адмиралот Ханс Георг фон Фридебург, а од страна на сојузниците договорот го потпишаа: рускиот маршал Георги Жуков и британскиот генерал Артур Тедер.



Потпишување на капитулацијата на Германија

Во Втората светска војна учествувале 61 земја со околу 2 милијарди жители. Завршетокот на Втората светска војна, која траеше 6 години и победата над фашизмот, човештвото го плати со животите на над 60 милиони луѓе или 2,5 % од светското население. Советскиот Сојуз даде најмногу жртви, околу 27 милиони жртви или 13,5% од вкупното население, од кои околу 11 милиони војници и 16 милиони цивилно население. Полска имаше околу 6 милиони жртви, а Југославија даде 1 706 000 жртви или 10,8% од вкупниот број на население на тогашна Југославија, која броеше околу 15,8 милиони жители. Од загинатите над 305 000 биле борци, а покрај нив Југославија од сојузниците имаше најмногу ранети, или поточно над 400 000 ранети борци.

Германија во Втората светска војна имала 6,5 милиони жртви, од кои 4,5 милиони војници и 2 милиони цивилно население.

Македонскиот народ до победата над фашизмот, но и до 15 мај 1945 година, до кога и траеја завршните операции против Германија, само од Вардарскиот дел на Македонија даде околу 25 000 жртви, вклучувајќи ги и 7144 македонски Евреи, кои бугарскиот окупатор во 1943 година ги депортира во концентрациониот логор Треблинка во Полска, каде, без исклучок сите беа погубени во гасните комори на злогласниот логор.

Материјалните штети што ги претрпи Македонија во текот на Втората светска војна беа огромни: разурнати или опожарени преку 10 000 куќи и над 4 000 јавни објекти, 83 000 случаи на ограбувања, 300 000 грла однесен или заклан крупен и ситен добиток, урнати 170 мостови, наполно уништени сообраќајници, потоа, уништени 500 км железничка пруга или 80% од целата железничка мрежа, а уништени биле сите локомотиви, како и 97% од вагоните.


За време на окупацијата неконтролирано се експлоатираше природното богатство - рудните и шумските богатства. Разурнати беа индустриските капацитетеи, а работната сила немилосрдно се експлоатираше. Се земаше се што можело да се земе и од земјоделието. Македонскиот народ, со востанието од 11-ти Октомври 1941 година, застана на страната на антифашистичката коалиција на чело со Советскиот Сојуз, Велика Британија и САД, а со доаѓањето на воените мисии при Главниот штаб на НОВ и ПОМ, беше означено и првото меѓународно признание на НОБ на Македонија уште за време на Втората светска војна. Претставниците на воените мисии на Велика Британија и САД присуствувале и ја следеле работата на Првото заседание на АСНОМ и биле сведоци на создавањето на Македонската држава во рамките на Демократска Федеративна Југославија.





Македонскиот народ се здоби со национална и социјална слобода, слобода платена со голем број човечки жртви и со огромни материјални штети. Резултатите од антифашистичката војна ги обврзуваат сите генерации да знаат да ја ценат и да ја бранат скапо платената слобода. На тоа не обврзуваат сите паднати борци и револуционери во ослободителните борби за национална слобода и сопствена македонска држава.


Она што посебно не прави горди, нас прилепчаните е првиот востанички истрел кој се случил тука, во Прилеп, на 11 октомври 1941 година, кој не бил само симболичен чин, туку, автентично сведоштво за определбата на македонскиот народ, предводени од прилепчани, да се истрае на балканската ветрометина и да се биде на страната на антифашистичката коалиција, сé до последниот ден на победата над фашизмот.



Скица за нападот на Участакот

Денес, кога се потсетуваме и ја одбележуваме 80 – годишнината од победата над фашизмот, да проговориме за уште еден јубилеј, на уште еден голем датум од богатата историја на Прилеп, 50 години ПРИЛЕП - ГРАД ХЕРОЈ. Имено, на 7 мај 1975 година, значи пред точно 50 години, по повод 30 годишнината од победата над фашизмот, Претседателот на СФР Југославија, маршалот Јосип Броз – Тито на нашиот град му го доделува високото признание Орденот и Повелбата за Град - Народен херој. Со тоа Прилеп се вброи во редот на 8-те градови од поранешна

Југославија, односно, по еден град од секоја република или покраина, носители на ова високо признание, и тоа: Љубљана (1970), Дрвар и Белград (1974), а Загреб, Нови Сад, Приштина, Цетиње и Прилеп (1975).



Со овој Орден вкупно се одликувани 1384 лица и други субјекти и тоа: 1323 борци, од кои 1232 мажи и 91 жена. Од вкупниот број, 903 посмртно се одликувани, а 420 биле живи за време на одликувањето. Одликувани се и 22 странски државјани, 27 воени единици и установи, 4 организации и како што претходно напоменав, 8 градови.

Пред востановувањето на Орденот, Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ како звање „Народен херој“, го воведува кон крајот на 1941 година. Првата личност која го добила ова звање е Петар Лековиќ од Ужичка Пожега, борец на Втората пролетерска бригада, уште за време на живот, во март 1942 година. Официјално, орденот „Народен херој“ Врховниот штаб го воспоставил на 15 август 1943 година. Истиот се доделувал на поединци, воени единици, политички и други организации за исклучителни или херојски дела во време на војна или мир.

Со Орденот „Народен херој“, од Македонија се одликувани 66 борци (59 мажи и 7 жени, 44 се загинати во НОВ и 22 се преживеани). На 29 јули 1945 година, Орденот „Народен херој“ им се доделува на првите 6 борци од Македонија и тоа: Мирче Ацев, Кузман Јосифовски - Питу, Стив Наумов, Орце Николов и Христијан Тодоровски - Карпош.

Од воените единици од Македонија со овој Орден е одликувана Првата македонско - косовска ударна бригада, формирана на 11 ноември 1943 година, во с. Сливово, охридско.

Зошто Прилеп го добива ова високо признание?

Во Втората светска војна, од Прилеп и прилепско, имало 8000 учесници, од кои 2700 активни борци со оружје во рака. Од вкупно 66 Народни херои од Македонија, 15 борци од Прилеп и прилепско се прогласени за Народни херои, од кои 10 се загинати. Дозволете да ги споменам нивните свети имиња, чии спомен-бисти се наоѓаат во Алејата на Народните херои во Паркот на Револуцијата во Прилеп: Кире Гаврилоски, Илија Игески, Орде Чопела, Борка Талески, Кузман Јосифоски, Мирче Ацев, Борка Левата, Рампо Левката, Лазо Филипоски и Круме Волнароски, како и на 5-минатa кои ја преживуваат војната: Вера Ацева, Крсте Црвенкоски, Борко Темелкоски, Ѓоре Дамески и Атанас Забазноски, за кои се надевам дека иницијативата на Боречката организација од Прилеп, НУ Завод и Музеј – Прилеп и останатите релевантни фактори на општинско и републичко ниво, за изработка на спомен-бисти и на преживеаните Народни херои во најскоро време ќе се реализира и истите ќе се најдат покрај своите загинати соборци во Алејата на Народните херои.



Алеја на Народните херои - Парк на Револуцијата

Покрај предходниве, Прилеп и прилепско е тесно поврзан и со други 4-ца Народни херои кои се бореле и загинале тука, и тоа: Киро Фетак, Манчу Матак, Злате Малаковски и Блажо Тодоровски - Чичето, што зборува за жестоките борби кои со непријателот се воделе на прилепска територија за време на НОВ.



Могила на Непобедените - Парк на Револуцијата

Во Втората светска војна Прилеп дал 650 жртви. Но, жртви на фашизмот, не беа само оние кои ги дадоа своите животи. Жртви на фашизмот беа и оние кои ја преживеаја Втората светска војна и во исто време станаа херои на слободата и победници над фашизмот. Меѓу преживеаните биле и 154 борци, носители на „Партизанска споменица 1941“, меѓу кои 33 се жени.

Во тој контекс, би сакал да ја потенцирам и улогата на жената – борец, која рамо до рамо со мажите била вклучена во народноослободителното движење, како во сите форми на отпор во заднина, така и како припадник во единиците на Народноослободителната војска. Во целост жената-борец има голем влог што Прилеп е град Народен херој.



Споменик „Жена-борец“ - Парк на Револуцијата

Доделувањето на Орденот и Повелбата се случи на голем сенароден митинг, пред Паркот на Револуцијата, пред Алејата на Народните херои, на 3 јули 1975 година, а по повод 4 јули, Денот на борецот.


Во името на Претседателот на СФРЈ, Јосип Броз Тито, а во присуство на голем број гости од сојузно и републичко ниво, меѓу кои: Киро Глигоров, Претседател на Собранието на СФРЈ, Александар Грличков, секретар на ИК на ЦК на СКЈ, Васка Дуганова, Претседател на Сојузната конференција на жените, Благоја Талески, Претседател на Претседателството на СРМ, Благој Попов, Претседател на Извршниот совет на СРМ, Блаже Конески, Претседател на МАНУ, Филип Брајковски, Претседател на Републичкиот одбор на Сојузот на борците на Македонија, претставници на збратимените градови и на градовите херои во СФРЈ и многу други, го предаде тогашниот Претседател на ЦК на СКМ, Ангел Чемерски, а го прими Претседателот на Општинското собрание на Прилеп, Живко Магдески, кои воедно имаа и пригодни говори, во кои е истакната улогата на Прилеп во Револуцијата.



Дел од присутните на доделувањето
на Орденот „Народен херој“



Пригоден говор на Ангел Чемерски



Доделувањето на Орденот „Народен херој“

Но, Орденот кој му беше доделен на Прилеп за неговото херојство и дадените жртви во НОВ, во 1993 година, во неразјаснети околности исчезна од општинските простории.

За таа цел, Општинската организација на Сојузот на борците од Народноослободителната и антифашистичка војна на Македонија 1941-1945 и граѓаните продолжувачи - Прилеп и НУ Завод и Музеј - Прилеп иницираа изработка на реплика на Орденот. На тоа не обврзуваат и резултатите од антифашистичката војна сите да ја цениме и да ја браниме скапо платената слобода.

Во 2018 година, истата се реализира од страна на НУ Завод и Музеј - Прилеп и Локалната самоуправа на Општина Прилеп, со изработка на две реплики на Орденот, по една за Општина Прилеп и за НУ Завод и Музеј-Прилеп, односно, за Меморијалниот музеј „11 Октомври 1941“, местото од каде бунтовен Прилеп се кренал на Народно востание против фашистичкиот окупатор.



Меморијален музеј „11 Октомври 1941“



Орденот „Народен херој“
во Меморијалниот музеј „11 Октомври 1941“

Покрај реплика на Орденот „Народен херој“, беше изработен и релјеф на Орденот на мермерна плоча и истиот ги краси просториите на општинската зграда, како би „сведочел“ за херојството на Прилеп и прилепчани.

Негувајќи ги традициите од нашето славно минато, преку вакви и слични дела, ние сегашните генерации им се поклонуваме и им се заблагодариме на сите борци, како и повоени државници и општественици.

Воедно, им оставаме аманет и на идните генерации да ги почитуваат оние кои се вградија себеси во темелите на слободна Македонија, како и големиот влог во победата над фашизмот. На тоа не обврзува и фактот што ја имааме привилегијата да бидеме граѓани на ПРИЛЕП – ГРАДОТ ХЕРОЈ.



Орденот „Народен херој“
во Меморијалниот музеј „11 Октомври 1941“




Реплика на Орденот „Народен херој“ во Општина Прилеп

Грб на Општина Прилеп

Орденот „Народен херој“ што Прилеп го добил е Орден за храброста на борците, за нивен незаборав. Но, и сите ние граѓаните на Прилеп имаме Орден, тоа е слободата, за да и се радуваме и да ја чуваме.







Сојуз на борци од НОАВМ 1941-1945
и граѓаните продолжувачи-Прилеп

70

НУ Завод и Музеј - Прилеп

